## Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ФАРМАКОЛОГИЈА 1“ ОД ДОЦ. Д-Р ТРАЈАН БАЛКАНОВ И АСС. МАРИЈА ДАРКОВСКА-СЕРАФИМОВСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, како и Одлуката бр. 2502-72/25 од 111. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 3.3.2014 година, за изготвување на рецензија за приложениот ракопис „Фармакологија 1“ од авторите доц. д-р Трајан Балканов и асс. Марија Дарковска-Серафимовска, наменет за студентите по фармација на прв циклус студии на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, избрани се рецензентите:

– доц. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, насловен доцент на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип;
– доц. д-р Бистра Ангеловска, професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

По разгледувањето на ракописот, до Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, како рецензенти го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Понудениот ракопис од доц. д-р Трајан Балканов и асс. Марија Дарковска-Серафимовска со наслов „**Фармакологија 1**“ како интерна скрипта за објавување во електронска форма на веб-страницата од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е наменет за предметот *Фармакологија 1* во петтиот семестар за студентите на насоката Фармација на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, со неделен фонд на часови од 2 + 1 + 0. Приложениот ракопис на доц. д-р Трајан Балканов и асс. Марија Дарковска-Серафимовска е во согласност со Предметната програма за курсот *Фармакологија 1*, а авторите на почетокот од скриптата ја нудат токму таа Предметна програма според која и е елаборирана наставната материја во овој ракопис. Од понудената Предметна програма и од содржината на скриптата е очигледно дека авторите се придржувале стриктно до наставната програма предвидена за предметот Фармакологија 1.

Ракописот на доц. д-р Трајан Балканов и асс. Марија Дарковска-Серафимовска според обемот ги задоволува основните критериуми за објавување на рецензирана интерна скрипта во електронска форма според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Во својата содржина скриптата е збогатена со табели и слики кои во една сосема прегледна форма на студентите им ги предочуваат и им ги поедноставуваат сложените структурни наставни единици од областа на општата фармакологија како научна дисциплина. Станува збор за скрипта што е изработена врз основа на една специфична предметна програма од областа на општата фармакологија, составена од предметниот наставник доц. д-р Трајан Балканов во соработка со асс. Марија Дарковска-Серафимовска. Оваа скрипта ќе биде голем придонес поради тоа што досега нема издадено комплетен учебник по предметот Фармакологија 1 кој би бил наменет само за фармацевти во кој се опфатени сите наставни единици предвидени со таа програма. Токму затоа оваа интерна скрипта по општа фармакологија од доц. д-р Трајан Балканов и асс. Марија Дарковска-Серафимовска се јавува како неопходен наставен прирачник што на студентите од фармација во голема мера ќе им го олесни совладувањето на мошне сложената материја за најосновните фармакокинетски и фармакодинамички процеси во човековиот организам. Дотолку повеќе

што при изработката на овој труд авторите консултирале бројни библиографски извори што се однесуваат на современите достигнувања во рамките на општата фармакологија.

На почетокот е дадена содржината што ќе им ја олесни на студентите ориентацијата во понудениот материјал од скриптата. Веднаш потоа е даден еден сосема кус предговор во кој авторите ги воведуваат студентите во основната содржина на скриптата, а потоа се нуди деталната Предметна програма по предметот Фармакологија 1 со конкретно наведена литература. Материјата, пак, што се презентира во оваа интерна скрипта е систематизирана во десет теми: 1) *Општа фармакологија* која ги опфаќа поимот за лек и отров, потеклото, имињата и начинот на примена на лековите; 2) *Воведување на нови лекови во праксата*, во кој се обработува процесот на воведување на нови лекови како еден макотрпен и многу долг пат во кој учествуваат голем број експерти од различни области; 3) *Судбина на лекот во организмот* која ги опфаќа сите фармакокинетски процеси: апсорпција, дистрибуција, метаболизам и елиминација на лековите, односно промените на физичките и хемиските особини на лековите од моментот на апликација до моментот на нивната елиминација од организмот; 4) *Можни механизми на дејствување на лековите*, во кој на еден едноставен, лесен и разбирлив јазик се опишани механизмите на дејствување на лековите преку рецептори, јонски канали, соодветни ензими и транспортни протеини; 5) *Фактори кои влијаат врз одредувањето на дозата и начинот на дозирање на лековите*; 6) *Фактори кои може да го менуваат дејството на лековите*, како што се физиолошките фактори, патолошките состојби и промените на дејството на лековите при повторено давање (синергизам и антагонизам); 7) Интеракција на лековите, поглавје во кое детално е објаснето меѓусебното влијание на лековите кои се применуваат истовремено и евентуалните промени на нивните фармаколошки дејства во пристапот на лекување на пациентите коишто боледуваат од повеќе хронични или акутни болести; 8) *Зависност од лекови*, дел во кој авторите ја дефинираат зависноста како појава која може да биде психичка, но и физичка состојба при која доаѓа до специфичен начин на реагирање помеѓу човечкиот организам и супстанцијата која ја предизвикува таа состојба; 9) *Несакани дејства на лековите*, поглавје во кое се систематизирани несаканите дејства во очекувани и неочекувани, со ставање посебен акцент на токсичните реакции на лековите кои претставуваат сериозно оштетување на организмот на пациентот најчесто како резултат на грешка во дозирањето, како и несаканите дејства на лековите кои се јавуваат по нивна системската примена; 10) *Алергиските реакции на* лековите се издвоени и опишани на крајот, а претставуваат еден вид несакани реакции на лековите, кои настануваат како последица од нарушениот имунолошки одговор на човечкиот организам и претставуваат некој вид имунолошка пречувствителност.

Покрај ова, на крајот од скриптата во делот литература се цитираат поголем број референци што се користени при изработката на оваа скрипта и истовремено претставува и дополнителна информација за користење на литература за оние студенти што ќе имаат желба да навлезат многу подлабоко во областа на општата фармакологија.

Како што потенцираат и авторите во предговорот, идејата во оваа скрипта е целата обемна и комплексна материја да им ја приближат на студентите на еден едноставен и разбирлив начин, во што и успеале. Покрај тоа, табелите и сликите кои се составен дел на оваа скрипта во една сосема прегледна форма на студентите им ги предочуваат и им ги поедноставуваат сложените структурни наставни единици од областа на општата фармакологија како научна дисциплина. Тоа бездруго значи дека доц. д-р Трајан Балканов и асс. Марија Дарковска-Серафимовска во оваа скрипта мошне умешно ги искомбинирале теориските и практичните основи на општата фармакологија како научна дисциплина.

**З А К Л У Ч О К**

При презентирањето на материјата од областа на општата фармакологија авторите на овој труд применуваат современи начела и принципи и од методски и од методолошки аспект. Наставните единици се елаборирани системски, децидно и сосема прегледно што е основен предуслов студентите да можат лесно да ја следат, да ја воспримат и да ја разберат суштината на предочената содржина од општата фармакологија. Скриптата претставува значајно дело кое со својата структура и намена е новина со оглед на тоа дека на нашиве простори нема комплетен учебник по предметот Фармакологија кој би бил наменет само за студенти по фармација. Секако, таа е еднакво корисна и за студентите од другите студиски програми на Високата здравствена школа, како и веќе дипломираните студенти, како прирачник за брзо повторување и потсетување на претходно наученото.

Од сето што е погоре предочено може да се заклучи дека трудот со наслов „Фармакологија 1“ од доц. д-р Трајан Балканов и асс. Марија Дарковска-Серафимовска ги задоволува основните критериуми за објавување во форма на рецензирана интерна скрипта. Поради тоа, како членови на Рецензентската комисија, со задоволство им предлагаме на членовите на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки во Штип да го прифатат овој труд за објавување како електронска интерна скрипта на веб-страницата во е-библиотеката на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Доц. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, с.р.**
**Доц. д-р Бистра Ангеловска, с.р.**